# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/12 и 154/15), во членот 18 став (1) зборовите: „2.000 до" се бришат, а по зборовите: „правното лице" се додаваат зборовите: „,односно трговец поединец".

Ставот (2) се менува и гласи:

,,Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно трговец поединец, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, односно трговец поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член."

**Член 2**

По членот 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

**„Член 18-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоци."

**Член 3**

Во членот 19 зборовите: "парични казни" се заменуваат со зборовите: "глоби".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".